Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

Дата. 14.03.2024
Арх.бр. Уп1-11/2-486/2024

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр.124/15), член 64, став 1, точка 2 од Законот со управување со отпад ("Сл. весник на РСМ"бр.216/2021), Управата за животна средина/Секторот за управување со отпад, постапувајќи по барањето на правниот субјект ДСОТ со метален отпад Пакстон Корп ДООЕЛ Скопје, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за проширување на Дозвола за Управување со отпад (складирање, третман и/или преработка на отпад)**

Дозволата за складирање, третман и/или преработка на отпад на правниот субјект ДВИЛ-ЗДПТУ АСД Метал Груп ДОО увоз-извоз-Шуто Оризари Скопје, со Арх.бр. УП1-31-1725/2019, издадена од МЖСПП, Управата за животна средина/Секторот за управување со отпад, на 30.01.2020 година, а која се однесува на инсталација која се наоѓа на КП бр. 664/5, и 679/2 КО Оризари, инд. зона, Шуто Оризари, Скопје, се проширува дејноста со следните шифри од листа на видови на отпад и тоа: 04 02 21, 04 02 22, 12 01 03, 12 01 05, 15 01 03, 15 01 07, 15 01 09, сите 13 01*, сите 13 02*, 16 01 03, 16 01 04*, 16 01 06, 16 01 07*, 16 01 13*, 16 01 14*, 16 01 15, 16 01 22, 16 01 99, 17 02 02, 17 02 03, 19 12 08, 20 01 33*, 20 01 35*, 20 01 36.

Образложение

Барателот ДВИЛ-ЗДПТУ АСД Метал Груп ДОО увоз-извоз-Шуто Оризари Скопје, со седиште на ул. 1675 бр. 24, Шуто Оризари, Скопје, на ден 05.03.2024 година достави барање со арх.бр.УП1-11/2-486/2024 до МЖСПП, Управата за животна средина/Секторот за управување со отпад, за проширување на дејноста со одредени шифри од листа на видови на отпад, со намена за складирање и третман на истите во опсегот на постоечката дозвола за складирање, третман и/или преработка на отпад со Арх.бр. УП1-11-31-1725/2019, издадена на 30.01.2024 година, со рок на важноста до 30.01.2025 година.
По разгледувањето на поднесената документација и извршениот увид во инсталацијата на ден 13.03.2024 година Управата за животна средина/Секторот за управување со отпад, на ден 14.03.2024 год, позитивно се произнесе на барањето и издаде Решение за проширување на дејноста со следните шифри од листа на видови на отпад и тоа: 04 02 21, 04 02 22, 12 01 03, 12 01 05, 15 01 03, 15 01 07, 15 01 09, сите 13 01*, сите 13 02*, 16 01 03, 16 01 04*, 16 01 06, 16 01 07*, 16 01 13*, 16 01 14*, 16 01 15, 16 01 22, 16 01 99, 17 02 02, 17 02 03, 19 12 08, 20 01 33*, 20 01 35*, 20 01 36, со намена за складирање и третман на истите, преку постапка: **издвојување, расклопување, пресување и балирање на отпадот до 20т/ден бид на неопасен отпад, и 2т/ден вид на опасен отпад**, согласно член 64, став 1, точка 2 од Законот со управување со отпад ("Сл. весник на РСМ"бр.216/2021), и Правилникот за барањата што треба да се исполнат од страна на субјектите за добивање на дозвола за управување со отпад, формата и содржината на образецот на барањето за добивање на дозвола за управување со отпад и начинот на доставување на барањето, како и формата и содржината на образецот на дозволата за вршење на дејност за управување со отпад


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Дата. 14.03.2024
Арх.бр. Уп1-11/2-486/2024

("Службен весник на РСМ" бр. 105/23, и измените на истиот Правилник од "Сл. весник на РСМ" со бр. 204/2023).

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се изјави жалба до Државна Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор спепен, во рок од 8 дена таксирана со 250,00 денари административни такси на уплатна сметка 840 xxx 031 61 во рамките на трезорската сметка.

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор/Drejtor
**Hisen Xhemaili**

Изготвил/Përpiloi: Islam Haliti
Контролирал/Kontrolloi: Ilber Shabani
Одобрил/Aprovoi: Ана К. Мазневска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetesor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikes se Maqedonise së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë se Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk